# ШТО МОЖЕШ ДА НАПРАВИШ ДОКОЛКУ СЕ ЧУВСТВУВАШ **ДИСКРИМИНИРАН/А?**

## ДА СЕ ОБРАТИШ ВО ХЕЛСИНШКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА:

ул. ,Наум Наумовски Борче" број 83 во Скопје
телефони за контакт: + 389 (0) 2 3119 073
+ 389 (0) 72 278 436
електронска пошта: helkom@mhc.org.mk

## ДА ПОДНЕСЕШ ПРЕТСТАВКА ПРЕД КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Претставката може да се поднесе онлајн на веб страната www.kzd.mk или писмено на адреса на Комисијата „Кеј Димитар Влахов" 66 Скопје.
Претставката можеш да ја поднесеш најдоцна во рок од **6 месеци** од дознавање за актот на дискриминација, а најдоцна **1 година** од кога била сторена повредата.
Комисијата треба да донесе да одлука во рок од **60 дена** од денот на поднесување на претставката.

## ДА ПОДНЕСЕШ ПРЕТСТАВКА ДО НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Претставката можеш да ја поднесеш писмено (лично или по пошта) на адреса ул ,Македонија" број 19 Скопје, усно на записник во просториите на Народниот правобранител, на телефонскиот број: + 389 (0) 02 3129 335 или по електронска пошта: contact@ombudsman.mk.

## ДА ПОДНЕСЕШ ТУЖБА ПРЕД НАДЛЕЖЕН СУД

Со поднесување на тужба до суд можеш да бараш од судот да утврди повреда на правото на еднаков третман, забрана за преземање дејствија, надомест на штета или објава на пресудата во медиуми.

Хелсиншкиот комитет за човекови права на граѓаните им обезбедува примарна правна помош. Право на примарна правна помош има секое физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија. Примарна правна помош се дава на заинтересираното лице со цел да му се објасни природата на проблемот или да му се помогне да се дознае дали проблемот е правно прашање, дали истото е во рамките на опфатот на правните услуги кои ги даваат назначените органи, како и видовите на правна помош кои се најсоодветни за лицето.

## СО **ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ** ДОБИВАТЕ:

- ОПШТА ПРАВНА ИНФОРМАЦИЈА
- ОПШТ ПРАВЕН СОВЕТ
- ПОМОШ ПРИ ПОПОЛНУВАЊЕ НА ФОРМУЛАРИ
- ПОМОШ ПРИ КОМПЛЕТИРАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ
- СОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВКИ ДО КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, ДО НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ И БАРАЊЕ ЗА ЗАШТИТА ДО УСТАВНИОТ СУД.

British Embassy Skopje
Funded by UK Government
unicef

Овој производ е подготвен во рамки на проектот "Основи за иднината" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.



# ВКЛУЧЕНОСТ **БЕЗ ПРЕЧКИ**

**Информации за пристап до правна помош наменети за деца и лица со попреченост и нивните семејства**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ 83/1, 1000 СКОПЈЕ
HELKOM@MHC.ORG.MK

+389 (0) 2 3119 073
+389 (0) 72 278 436
WWW.MHC.ORG.MK

1 Дали можеш **самостојно да го користиш** јавниот градски превоз?

2 Дали ти била **одбиена** здравствена услуга?

3 Дали ти било **овозможено да го запишеш** своето дете во редовно училиште?

4 Дали училиштето **обезбедува соодветна поддршка за вклучување** на твоето дете во редовното образование?

5 Дали **можеш непречено да влезеш** во јавни институции?

6 Дали имаш тешкотии на работното место **заради тоа што се грижиш за дете или лице со попреченост?**

# ШТО Е **ДИСКРИМИНАЦИЈА?**

Дискриминација е секое **разликување, исклучување, ограничување** или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

## ОСНОВИ НА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

- РАСА
- БОЈА НА КОЖА
- НАЦИОНАЛНА ИЛИ ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ
- ПОЛ
- РОД
- СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА
- РОДОВ ИДЕНТИТЕТ
- ПРИПАДНОСТ НА МАРГИНАЛИЗИРАНА ГРУПА
- ЈАЗИК
- ДРЖАВЈАНСТВО
- СОЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО
- ОБРАЗОВАНИЕ
- РЕЛИГИЈА ИЛИ ВЕРСКО УВЕРУВАЊЕ
- ПОЛИТИЧКО УВЕРУВАЊЕ
- ДРУГО УВЕРУВАЊЕ
- **ПОПРЕЧЕНОСТ**
- Возраст
- СЕМЕЈНА ИЛИ БРАЧНА СОСТОЈБА
- ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА
- ЛИЧНО СВОЈСТВО ИЛИ ОПШТЕСТВЕН СТАТУС

ИЛИ

- БИЛО КОЈА ДРУГА ОСНОВА

ЗА ЕДНО ЛИЦЕ ДА БИДЕ ЖРТВА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА НЕ МОРА ДИРЕКТНО ДА ПОСЕДУВА НЕКОЈА ОД НАВЕДЕНИТЕ ОСНОВИ. ОТТУКА, ЗАБРАНАТА ЗА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА НЕ Е ОГРАНИЧЕНА САМО НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, ТУКУ ГИ ОПФАЌА И ЛИЦАТА КОИ СЕ ЗАСЕГНАТИ ОД НИВНАТА СОСТОЈБА ОДНОСНО ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО, ЗГРИЖУВАЧИ И ДРУГИ ЛИЦА КОИ СЕ ГРИЖАТ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ.